| Република Северна Македонија<br>АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ<br><br>Одбор за акредитација на високото образование | Полугодише Извештај за работата на Одборот за акредитација на високото образование за периодот јули 2022 – декември 2022 | Ознака: ОА.ИЗ.09<br>Верзија: 01 |
|---|---|---|


АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Skopje - Shkup
Примено: / Pranuar më: 07. 02. 2023


# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ 2022 – ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

| | Датум | Име и презиме | Функција |
|---|---|---|---|
| Изработил/ле: | | | |
| Предлагачи: | ОА | Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова | Претседател на ОА |
| Правна основа: | Врз основа на член 48 став 5 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) | | |
| Усвоил: | За усвојување на 51-та седница на Одбор за акредитација. | | |


Овој документ е сопственост на Агенцијата за квалитет на високото образование, Одбор за акредитација, Република Македонија, и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.


**Скопје, јануари 2023 година**

Полугодишниот извештај за работа на Одборот за акредитација на високото образование за периодот јули 2022– декември 2022 година е изготвен согласно членот 48 став 5 од Законот за високото овразование („Службен весник на Република Македонија“бр. 82/2018) согласно Правилникот за Образецот на Извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 286/2020), со кој е утврдена обврската на Одборот за акредитација на високото образование, да изготвува полугодишни извештаии за својата работа, на усвојување.

## Содржина

Вовед ....................................................................................................5
ИЗВЕШТАЈ ..............................................................................................6
1. Правна рамка .......................................................................................6
2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование: Членови во постојана комисија. .........................................................................................................7
3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација .............................13
4. Краток преглед за општата оценка за периодот 1.јули.2022 – 31.декември.2022...........13
5. Краток преглед за наредниот период 01.01.2023 – 30.06.2023 ........................................15
6. Организација на работата ..................................................................16
7. Преглед на финансиско работење........................................................18
8. Разгледувани и усвоени прописи ..........................................................19
9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015 ..........................................19
10 Систем за обезбедување на квалитет ...................................................20
10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет .............................20
10.2 Надворешна проверка на работата.......................................................20
11. Донесени решенија за акредитација .....................................................20
11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи ...............................20
11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи...........21
11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи ......21
11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на висообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии ..........................................................21
11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми .................................22
11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми .........................................23
11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми ...............24
11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства ...................................................................................25
11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација ...................................................25
11.10 Решениа за Одземени акредитации....................................................................25

11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив ....................26
11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми ....................26
12. Обуки на членовите на Одборот ....................27
13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација ....................27
14. Учества на конференции/состаноци ....................27
15. Посети на делегации ....................28
16. Остварена соработка ....................28
17. Издавачка дејност ....................29
18. Состојба со мрежната страница на Одборот ....................30
19. Разгледувани документи и тематски анализи ....................30

## Вовед

Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија претставува орган на Агенција на квалитет, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18). Одборот за акредитација на високото образование започна со работа на конститутивната седница одржана на 13 март 2020 година.

Извештајот, понатаму ги прикажува надлежностите, статусот, организациската поставеност и составот на Одборот за акредитација на високото образование, како и потребата од нивно зајакнување како предуслов за гарантирање на неговиот статус и соочување со предизвиците со имплементацијата на Законот за високото образование, за да продолжи со приказна реализираните активности и да заврши со наодите и препораките, како и заклучните согледувања.

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Одборот за акредитација на високотообразование

## 1. Правна рамка

Согласно член 47 став (1) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18) Одборот за акредитација е колективно тело кое ја врши акредитацијата на високото образование. Конститутивната седница на Одборот за акредитација свикува министерот надлежен за работите на високото образование

**Надлежностите на Одборот за акредитација**. Одборот за акредитација е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на начелата на стручност и непристрасност. Одборот за акредитација во рамките на своите права и обврски утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа. Понатаму, донесува решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа, решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа како и решение за одземање на дадена акредитација по спроведена постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност согласно овој закон. Во рамките на своите надлежности Одборот одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, и утврдува исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа. Одборот одлучува за акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, како и за акредитација на ментори на докторски студии.

Исто така, врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, Одборот ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата. Во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на Предлог на Одборот за евалуација За што

води евиденција за акредитираните високообразовни установи и за други акредитации (кои задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет).

Во рамките на надлежностите на Одборот до Националниот совет предлага Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, остварување на меѓународна соработка во својата област, какои и во сферата на давање препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност. Во таа насока, Одборот за акредитација во декември 2021 година до Националниот совет на високо образование и научно-истражувачка дејнсот го проследи Предлог - Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми. Правилникот беше усвоен во неомври 2022 и иститот излезе во Службен весник. На Р.С.Македонија.

Во делот на изготвување на обрасци, Одборот е надлежен да изготвува образец за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа, како и образец на елаборат за акредитација на студиски програми.

Согласно законските обврски Одборот за акредитација го информира министерот надлежен за работите на високото образование за одобрените акредитации и за други прашања и на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет, кој задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование.

## 2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование: Членови во постојана комисија.

Одборот за акредитација е конституиран на 11.03.2020 година (среда) на која присуствуваа именуваните членови од Интеруниверзитетска конференција, Влада на Р. М, најрепрезентативното тело на организација на работодавачи, Академија на науките и уметностите на РСМ, студент на Одборот за акредитација на високото образование: академик Владо Камбовски, проф. д-р Ќуфли Османи, проф. д-р Лилјана Колева Гудева, проф. д-р Садудин Ибраими, проф. д-р Славица Рочевска, проф. д-р Никола Николов; Проф. д-р Тале Герамитчиоски, проф. д-р Христина Спасовска, проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, проф. д-р Елми Јусуфи и Светлана Ристовска Антиќ,. На конституивната

седница отсуствуваа: проф. д-р Сунчица Петровска, проф. д-р Беким Фетаји, Ноли Османи, Бранкица Димитровска. Претседателот се избира од редот на членовите на ОА со двотретиско мнозинство, а одлуките се носат со мнозинство гласови од присутните членови на ОА. За претседател на ОА на конститутивната седница беше избран Академик проф. д-р Владо Камбовски.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (Сл.весник 82/18) Одборот за акредитација на високото образование е колективно тело кое ја врши акредитацијата. Одборот за акредитација е составен од петнаесет члена и тоа:

- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција,
- шест члена именувани од Владата на Република Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Македонија,
- еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачите,
- еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите,
- еден член од редот на студентите избран со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција.

Законската рамка предвидува дека меѓу членовите на Одборот за акредитација избрани од Интеруниверзитетската конференција задолжително мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научно-истражувачки полиња од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки) од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација.

За членови во Одборот за акредитација на високото образование од Интеруниверзитетската конференција, беа избрани: Проф. д-р Сунчица Петровска од Универзитетот Св Кирил и Методиј“ Скопје, за научноистражувачкото поле: медицински науки, проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за научноистражувачкото поле природно-математички науки, Проф. д-р Никола Николов; од Универзитетот Св Кирил и Методиј“ Скопје, за научноистражувачкото поле: земјоделски науки; проф. д-р Садудин Ибраими, од Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, за научноистражувачкото поле: техничко-технолошки науки, проф. д-р Славица Рочевска, од Универзитетот „Св. Климент и Охридски“ во Битола, за научноистражувачкото поле општествени науки, проф. д-р Ќуфли Османи, од Универзитетот во Тетово, за научноистражувачкото поле хуманистички науки, и студентот од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје Ноли Османи.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (Сл.весник 82/18) шест члена именувани од Владата на Република Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Македонија беа именувани следните професори:

- Проф. д-р Христина Спасевска, од Универзитетот Св „Кирил и Методиј“ - Скопје;
- Prof.dr. Elmi Jusufi, од Универзитетот во Тетово;
- Проф. д-р Тале Герамитчиоски, од Универзитетот Св.„Климент Охридски“ - Битола;
- Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, од Универзитетот Св „Кирил и Методиј“ – Скопје;
- Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, од Универзитетот Св „Кирил и Методиј“ – Скопје;
- Prof.dr.Bekim Fetai од Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (Сл.весник 82/18) двајца членови, еден од МАНУ академик Владо Камбовски и член од најрепрезентативната организација на работодавачите Светлана Ристовска Антиќ.

По барање на Prof.dr.Bekim Fetai, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 мај 2020 година донесе Решение за разрешување од должноста член на Одборот за акредитација.

Проф. д-р Христина Спасевска беше избрана за Проректор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје и согласно нејзиниот избор поднесе оставка во Одборот за акредитација.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (Сл.весник 82/18) и со Одлука на Влада на Република Северна Македонија за два нови члена на Одборот за Акредитација беа именувани:

1. Проф. д-р Блерим Саити во работен однос на јавна високообразовна установа Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје Република Северна Македонија,
2. Проф. д-р Атанас Кочов во работен однос на јавна високообразовна установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје Република Северна Македонија.

Именуваните членови од страна на Владата на Република Северна Македонија во работатата на ОА беа вклучени од 14-та седница на Одборот за Акредитација оддржана на 31.03.2021 година.

**Табела 1.** Новиот и актуелен состав на Одборот за акредитација

| Ред. Бр | Научно истражувачко поле според Фраскати | Име и презиме на членот на ОА | Високообразовна установа во Република Северна Македонија |
|---|---|---|---|
| 1. | Природно-математички науки | Prof.dr. Elmi Jusufi | УТ |
| 2. | Природно-математички науки | Prof. Dr Blerim Saiti | „Мајка Тереза“ Скопје |
| 3. | Техничко-технолошки науки | Prof.dr. Sadudin Ibraimi | УЕЈЛ |
| 4. | Техничко-технолошки науки | Проф. д-р Атанас Кочов | УКИМ |
| 5. | Општествени науки | Проф. д-р Славица Роческа | УКЛО |
| 6. | Општествени науки | Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова | УКИМ |
| 7. | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Сунчица Петровска | УКИМ |
| 8 | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил | УКИМ |
| 9 | Земјоделски и ветеринарни науки | Проф. д-р Никола Николов | УКИМ |
| 10 | Земјоделски и ветеринарни науки | Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | УГД |
| 11 | Хуманистички науки | Prof.dr. Qufli Osmani | УТ |
| 12 | Хуманистички науки | Проф. д-р Владо Камбовски | МАНУ |
| 13 | / | Светлана Ристовска Антиќ | Член од најрепрезентативната организација на работодавачите |

На втората седница на Одборот за акредитација одржана на 24.06.2020 година (среда) беа формирани постојани стручни комисии од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација. Одборот за акредитација ги формираше шест постојаните стручни комисии, од по три члена, од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација, согласно член 49 став (7) од Законот за високо образование („Службен весник на РСМ“ бр.82/2019), кој гласи “Одборот за акредитација, од редот на членовите, формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот за акредитација нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот за акредитација во комисии може да ангажира и надворешни стручни лица.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Природно-математички науки:

- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева;

- Prof.dr. Elmi Jusufi;
- Проф. д-р Христина Спасевска.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Техничко-технолошки науки:

- Prof.dr. Sadudin Ibraimi;
- Проф. д-р Тале Герамитчиоски;
- Проф. д-р Христина Спасевска.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Општествени науки:

- Проф. д-р Славица Роческа;
- Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова;
- Prof.dr. Qufli Osmani.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Медицински науки и здравство:

- Проф. д-р Сунчица Петровска;
- Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил;
- Prof.dr. Elmi Jusufi.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Земјоделски и ветеринарни науки.

- Проф. д-р Никола Николов;
- Светлана Ристовска Антиќ;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - Хуманистички науки:

- Prof.dr. Qufli Osmani;
- Проф. д-р Владо Камбовски;
- Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова.

На 14-та седница на Одборот за акредитација оддржана на 31.03.2021 година постојаните стручни комисии од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја беа ревидирани со оглед на именуваните два нови членови од страна на Владата на РСМ. Согласно член 49 став (7)[1] од Законот за високо образование („Службен весник на РСМ" бр.82/2019) членовите во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација се прикажани во Табела 2.

**Табела 2.** Новиот и актуелен состав на Одборот за акредитација

[1] "Одборот за акредитација, од редот на членовите, формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот за акредитација нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот за акредитација во комисии може да ангажира и надворешни стручни лица"

| Ред. Бр | Научно истражувачко поле според Фраскати | Име и презиме на членот на ОА | Високообразовна установа во Република Северна Македонија |
|---|---|---|---|
| 1. | Природно-математички науки | Prof.dr. Elmi Jusufi | УТ |
| 2. | Природно-математички науки | Prof. Dr Blerim Saiti | „Мајка Тереза“ Скопје |
| 3. | Техничко-технолошки науки | Prof.dr. Sadudin Ibraimi | УЕЈЛ |
| 4. | Техничко-технолошки науки | Проф. д-р Атанас Кочов | УКИМ |
| 5. | Хуманистички науки | Академик Владо Камбовски | МАНУ |
| 6. | Општествени науки | Проф. д-р Славица Роческа | УКЛО |
| 7. | Општествени науки | Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова | УКИМ |
| 8. | Општествени науки | Prof.dr. Qufli Osmani | УТ |
| 9. | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Сунчица Петровска | УКИМ |
| 10. | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил | УКИМ |
| 11. | Земјоделски и ветеринарни науки | Проф. д-р Никола Николов | УКИМ |
| 12. | Земјоделски и ветеринарни науки | Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | УГД |
| 13. | | Светлана Ристовска Антиќ | Член од најрепрезентативната организација на работодавачите |

На својата редовна 32-ра седница одржана на 9 март 2022 година, Одборот за акредитација изврши процес на редовни избори на Претседател и Потпретседател на Одборот за акредитација.

Согласно процедуралните правила, на предлог на Академик Камбовски, проф д-р Ќуфли Османи беше нотиран како кандидат, а на предлог на проф д-р Атанас КОчов, предлог за Претседател на Одборот за акредитација беше Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова.

По спроведениот процес на тајно гласање, за **<u>нов Претседател на Одборот за акредитација за мандатен период 2022- 2024 година со мнозинство гласови беше избрана проф д-р Татјана Стојановска Иванова.</u>**

**На истата седница на предлог на проф Стојановска Иванова, членовите на одборот за акредитација за потпретседател за истиот мандатен период е избран проф д-р Садудин Ибраими.**

## 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација

Во својство на надворешни стручни лица вклучени во стручните комисии се номинирани лица кои покриваат научни области кои не се опфатени при избор на членови на Одборот. Одборот за акредитација со допис се обрати до високообразовните установи кои изведуваат настава од научни области кои не се покриени во составот на членовите на одборот, односни универзитети во чиј состав имаат единици од областа на уметностите. Од страна на универзитетите беа номинирани следните надворешни членови:

1. Надворешни стручни лица вклучени во постапката за акредитација од „Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се номинирани следните членови:
   1. Музичка академија – Проф. д-р Антонио Китановски
   - Филмска академија – Проф. д-р Рисима Матевска Мијановиќ
   - Ликовна Академија – Проф. д-р Катерина Деспот
2. Надворешни стручни лица вклучени во постапката за акредитација „Универзитет во Тетово“ се номинирани следните членови:
   a. Студиска програма: Музичка уметност – Проф. д-р Фатос Љумани
   - Студиска програма: Филмска уметност – Проф. м-р Сенад Абдули
   - Студиска програма: Ликовна уметност – Проф. д-р Јелдезе Асани

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј- Скопје“, и за време на извештајниот период, иако Одборот се обрати со допис сеуште нема номинирано надворешни стручни лица од областа на уметности.

Надворешните стручни лица учествуваат во стручните комисии кои ја покриваат нивната област.

## 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 1 јули 2022 – 31 декември 2022 година

Одборот за акредитација на високотообразование, за време за кое се однесува полугодишниот извештај за работа, има одржано 9 седници:

**Табела 3.** Оддржани седници за период јули 2022-декември 2022 год.

| Ред. Бр. | Број на седница | **Датум на одржување на седница** | **Начин на оддржување на седница** |
|---|---|---|---|
| 1 | 41 седница | 12.07.2022 година | On-line |
| 2 | 42 седница | 14.09.2022 година | On-line |
| 3 | 43 седница | 30.09.2022 година | On-line |
| 4 | 44 седница | 19.10.2022 година | Со физичко присуство во МАНУ |
| 5 | 45 седница | 31.10.2022 година | On-line |
| 6 | 46 седница | 16.11.2022 година | Со физичко присуство во МАНУ |
| 7 | 47 седница | 30.11.2022 година | Со физичко присуство во МАНУ |
| 8 | 48 седница | 07.12.2022 година | On-line |
| 9. | 49 седница | 23.12.2022 година | Во просториите на Универзитетот Мајка Тереза |

Во периодот за кој се однесува извештајот, од страна на Одборот за акредитација беа реализирани следните активности:

1. Донесени акти, правилници и др, а кои се однесуваат за работата на Одборот за акредитација,
2. Разгледувани прописи, дописи од високообразовни установи, дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование,
3. Усвојување на подготвените и разгледаните формулари од страна на комисија за подготвување на истите: Барање за основање на високообразовна установа, Темплејт на Проект за Основање на ВОУ и Упатство за пополнување на Елаборат за за акредитација на студиски програми од втор циклус. Комисија во состав: Проф. д-р Ќуфли Османи, Проф. д-р Славица Рочевска и проф. д-р Атанас Кочов.
4. Разгледување на дописи, пропратни писма:
5. Разгледување на доставените материјали од страна на Одборот за акрдитација и распределба на истите до членовите на стручните комисии,
6. Формирање на стручни комисии, зависно од студиските програми, по подрачја, полиња и области се формираа и Стручни комисии.
7. Одвивање на седниците на Одборот за акредитација во високообразовни установи, со цел промовирање на отвореност на ОА, односно Посета на

Универзитети во Р.С.Македонија (државни и приватни) со цел информирање и запознавање на начинот на реализација на наставно-образовниот и научно-истражувачки процес, како и добивање на соодветни информации за одредени проблеми со кои се соочуваат Универзитетите и единиците, како и идеи за унапредување на образовниот процес.

8. формираната Комисија за внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација реферира по однос на подготовката на Правилник за спроведување на внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација;
9. Усвојување на Предлог – Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми;
10. Усвојување на предлог Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ, ISCED). За прв и втор циклус студии да се применува Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ, ISCED), односно да се прифатат заклучоците од работната група;
11. Номинирање на членови за Твининг проектот кој се одржа во периодот од 27 до 29.09 2022 година од страна на Одборот за акредитација, и за истито беа номинирани: проф. д-р Лилјана Колева Гудева, проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Садудин Ибраими. проф. д-р Ќуфли Османи, Светлана Ристовска Антиќ;
12. Одговори на писма и преставки доставено до Одборот за акредитација од страна на МВР, МОН, АКВО;
13. Носење на одлука за отповикување на решението од Одборот за акредитација за акредитација на студиска програма дентална медицина, медицинска сестра и акушерка како и решенијата за акредитација на единици и тоа Факултет за дентална медицина и Висока стручна школа при Меѓународен балкански универзитет Скопје;
14. Носење на одлука за одлуката за акредитација на единици во состав на Меѓународен Балкански универзитет и тоа Факултет за дентална медицина и Висока медицинска школа и струдиските програми во нивни состав;
15. Воспоставување на соработка со Националниот совет и делегирање на проф. д-р Атанас Кочов да присуствува на состанок на Националниот совет каде се разгледува правилникот за работа на Одборот за акредитација;

## 6. Краток преглед за наредниот период 01.01.2023 – 30.06.2023

Активностите на Одборот за акредитација во рамките на надлежностите на Одборот за акредитација за периодот 01.01.2023 година до 30.06.2023 година ги вклучуваат следните активности:

1. Разгледување прописи, дописи од високообразовни установи, дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование, ресорното минисерство надлежно за високото образование, Националниот совет;
2. Начин и стратегија за полесно и поквалитетно комуницирање со Агенцијата за квалитет во високото образование и со раководниот орган;
3. Плани и стратегија за воспоставување на редовна комуникација со ресорното министерство и со раководните структури од МОН задолжени за високо образование;
4. Редовна комуникација со Националниот совет за прашања круцијални за високото образование;
5. Разгледување на доставените материјали од страна на Агенцијата за квалитет во високотообразование и распределба на истите до членовите на стручните комисии,
6. Формирање на стручни комисии, зависно од студиските програми, по подрачја, полиња и области се формираа и Стручни комисии;
7. Формирање на експертски комисии, за студиски програми од област на научни полиња: уметности кои не се покриени од постоечките членови на Одборот за акредитација;
8. Одвивање на седниците на Одборот за акредитација во високообразовни установи, со цел промовирање на отвореност на ОА.
9. Одговори на писма и дописи, поврзани со работата, дејностите и активностите на Одборот за акредитација, од ресорното министерство, Институции, Универзитети, Национален совет, групи и поединци;
10. Подготвување на Буџетски циркулар за 2022/2026 година со обрасци, табеларни прегледи и допис од одделението за буџетска координација од Министерство за образование и наука, во кој се дадени насоките за подготовка на Предлог Буџетот за 2023 година.

Со оценка дека состојбата на пандемијата се нормализира Одборот за акредитација може во целост да ја извршува својата функција и надлежност во делокругот на акредитација на високоото образование.

## 6. Организација на работата

Работата на Одборот за акредитација се уредуваат и со деловник за работа на Одборот за акредитација кој е излезен и во Службен весник на Р.С.Македонија.

Одборот за акредитација ја врши акредитацијата согласно со Правилникот за стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми што го донесува Националниот совет за високото образование.

Одборот за акредитација работи и одлучува на седници а може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Членовите на Одборот за акредитација се независни и самостојни во својата работа.

Одборот за акредитација има Претседател, кој се избира од членовите на одборот со тајно гласање, за период од две години без право на повторен избор. На конститутивната седница со 11 гласа за и еден воздржан за претседател на Одборот за акредитација беше избран академик проф. д-р Владо Камбовски со двогодишен мандат без право на повторен избор. На трета седница беше избран и заменик претседател на Одборот за акредитација проф. д-р Ќуфли Османи.

По завршувањее на двогодишниот мандатен период 2020/2022, Одборот за акредитација на својата редовна 32 седница, одржан на ден 9 март 2022 година, одбра нов Претседател, проф д-р Татјана Стојановска Иванова. За потпретседател на Одборот беше избран проф д-р Садудин Ибраими, кој стапи на функција во јуни 2022 година по завршување на мандатниот период на претходно избраниот Потпретседател.

Формирани се постојани стручни комисии од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација и избрани се претседателите на постојаните стручни комисии.

Одборот за акредитација од редот на членовите формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот во комисиите може да ангажира и надворешни стручни лица. Одборот за акредитација од областа на умeнтностите (драмска, ликовна и музичка уметност) од високообразовните установи побара да предложат челнови како надворешни стручни лица.

Формирана комисија за спогодба на присоединување на единици во рамките на Меѓународен Балкански Универзитет.

Формирана е стручна комисија за потребите за вршење и основање на Институција Хајделберг, Факултет во Скопје.

Одборот за акредитација донесе одлука за отповикување на решение од Одборот за акредитација на Меѓународен Балкански Универзитет за висока медицинска школа и Дентална медицина бидејќи беше направена грешка во процедурата при носење на одлуки (МОН и Одбор за акредитација).

Одборот за акредитација донесе решение за акредитација на висока медицинска школа и Дентална медицина при Меѓународниот Балкански Универзитет по донесување на решение од МОН за почеток на работа.

Во рамките на своите надлежности Одборот за акредитација формира комисии за подготовка на образци за елаборати на прв, втор и трет циклус,

Обрасците за акредитација на високообразовни установи, обрасците за акредитација студиски програми, обрасци за акредитација на ментори, упатства за начинот на пополнување на обрасците се објавуваат на веб страницата на Агенцијата за квалитет.

Решенијата за акредитација на високообразовни установи, решенијата за акредитација на студиски програми и другите одлуки на Одборот за акредитација се објавуваат на веб страницата на Агенцијата за квалитет, најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето.

Одборот за акредитација за време на полугодишниот извештај одржа девет седници.

## 7. Преглед на финансиско работење

Согласно член 57 точка 4 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.81/18) надлежен за финансиското работење на Одборот за акредитација е Агенцијата за квалитет на високото образоване, односно Директорот кој ја претставува и застапува Агенцијата за квалитет и во чија надлежност е материјално-финансиското работење на Агенцијата за квалитет.

Во преиодот на полугодишниот извештај, се до донесување на нова Одлука за висината на надоместоците за работата на претседателот и членовите на Одборот за акредитација како и за членовите на стручните комисии, висината на надоместокот се врши врз основ на Одлука бр. 14-412/1 од 31.03.2017 година донесена од страна на Министерството за образование и наука на РМ.

Претседателот на Одборот, согласно востановената процедура, ги потпишува финансиските извештаи за работа на стручните комисии и членовите на Одборот за акредитација по однос на присуство на седници. Финасиските извештаи се подготвени од страна на стручните служби на АКВО. Потишаните финансиски извешати се доставуваат до стручните служби на Агенцијата на квалитет на понатамошно постапување се до исплата на надоместоците.

Имајќи во предвид дека согласно член 49 став (7) од законот за високото образование, Одборот за акредитација на високото образование, од редот на членовите формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата,

ОА доставува проекции на Буџетска пресметка за реализација на акредитација, според Годишниот план за работа на Одборот за акредитација за 2023 година. Буџетските проекции ОА ги доставува до Агенцијата за квалитет во високото образование, заедно со доставената проекција на Буџетска пресметка од страна на Одборот за евалуација на високото образование, изготвува единствена проекција на Буџетска пресметка, која ја доставува до Министерство за образование и наука.

## 8. Разгледувани и усвоени прописи

Одборот за акредитација ги разгледа следните прописи во текот на периодот за кој се однесува полугодишниот извештај:

1. Предлог Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми
2. УПАТСТВО за означување на документи на Одборот за акредитација
3. Упатство за воспоставување на Внатрешен и надворешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за акредитација на високото образование
4. Усвојување на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми

## 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015

Правилниците кој Одборот за акредитација ги има подготвено и усвоено се усогласени со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високотобразование.

Правилникот за обезбедување на внатрешен систем на квалитет како и на надворешна проверка на работата на Одборот за акредитација кој треба да се поготви и усвои, ќе ги покрива насоките содржани во Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area – ESG 2015.

## 10 Систем за обезбедување на квалитет

Системот за обезбедување на квалитет на Одборот за акредитација подразбира дисеминација на процесот на евалуација на следните два нива:

1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет,
2. Надворешна проверка на работата.

### 10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Внатрешен систем за обезбедување на квалитет на Одборот за акредитација, во смисла на формирање на Комисија за самоевалуација на Одборот за акредитација, сеуште не е воспоставен. Во наредиот период работната група за внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација како и подготвен Правилник за спроведување на надворешна и внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација.

Од погоре нотираните причини во Извештајниот период не е спроведен процес на самоевалуација на Одборот.

### 10.2 Надворешна проверка на работата

Во недостиг на правна рамка за спроведување на надворешна евалуација на Одборот како што е донесување на Правилник за спроведување на самоевалуација на Одборот за акредитација и дефинирање на орган кој ќе ја спроведе надворешната евалуација и др, за време на извештајниот период не е спроведена надворешна проверка на работата на Одборот за акредитација.

## 11. Донесени решенија за акредитација

### 11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи

За време на извештајниот период јули 2022 – декември 2022 година, до Оборот за акредитација не се поднесени барања за акредитација на јавни високобразовни установи

Табела 4. Издадени Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи.

| | Високобразован установа | Универзитет | Седиште |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | / | | |
| 2. | / | | |

## 11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација е поднесено барања за акредитација на приватни високобразовни установи.

Табела 5. Издадени Решенија за акредитација на самостојни приватни високообразовни установи.

| | Високобразовна установа | Универзитет и седиште | Студиска програма |
|---|---|---|---|
| 1. | Фешн дизајн | Висока стручна школа | Тетово |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |

## 11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација нема поднесено барања за акредитација на самостојни високобразовни установи.

## 11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на висоообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација нема поднесено барања за акредитација на научни установи за вршење на висоообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии.

Табела 6. Издадени Решенија за акредитација на научни установи за вршење на висоообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии

| | Научна установа | седиште | Назив на студиска програма | циклус | ЕКТС | Број студенти | Важност на акредитација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | / | / | | | | | |

## 11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација се поднесени барања за акредитација на постојани студиски програми, кои на седниците се распоределени по стручни комисии и тоа:

- 41 седница на ОА - 34 барања за акредитација на студсики програми
- 42 седница на ОА - 28 барања за акредитација на студсики програми
- 43 седница на ОА - 17 барања за акредитација на студиски програми
- 44 седница на ОА – 47 барања за акредитација на студиски програми
- 45 седница на ОА - 12 барања за акредитација на студиски програми
- 46 седница на ОА – 29 барања за акредитација на студиски програми
- 47 седница на ОА – 7 барања за акредитација на студиски програми
- 48 седница на ОА – 1 барање за акредитација на студиска програма
- 49 седница на ОА – 56 барања за акредитација на студиски програми

или за овој извештаен период поднесени **се вкупно 231 барања за акредитација на студиски програми**.

За сите 231 барање, формирани се стручни комисии за разгледување на истите и за подготовка на извештаи.

За време на извештајниот период, Одборот за акредитација разгледа и донесе соодветни решенија за студиски програми. Студиски програми подетално по седници:

- 41 седница на ОА - разгледани се 51 извештај од стручните комисии
- 42 седница на ОА - разгледани се 31 извештај од стручните комисии
- 43 седница на ОА - разгледани се 15 извештаи од стручните комисии
- 44 седница на ОА – разгледани се 12 извештаи од стручните комисии
- 45 седница на ОА - разгледани се 17 извештаи од стручните комисии
- 46 седница на ОА – разгледани се 43 извештаи од стручните комисии
- 47 седница на ОА – разгледани се 27 извештаи од стручните комисии
- 48 седница на ОА – разгледани се 3 извештаи од стручните комисии
- 49 седница на ОА – разгледани се 24 извештаи од стручните комисии

или вкупно разгледани извештаи од стручните комисии за овој извештаен **период изнесува 223 извештаи.**

Издадените Решенија[2] се прикажани во Табела 7.

Табела 7. Издадени Решенија за акредитација на постојани студиски програми

| | Високобразован установа | седиште | Назив на студиска програма | циклус | ЕКТС | Број студенти | Важност на акредитација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

### 11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација се поднесени -- барања за акредитација на нови студиски програми.

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на Елабораите за реакредитација на нови студиски програми. За време на извешјаниот период од вкупно -- поднесени барања за акредитација на нови студиски програми завршени се – број на барања. Издадените Решенија се прикажани во Табела 8.

Табела 8. Издадени Решенија за акредитација на нови студиски програми

| | Високобразован установа | седиште | Назив на студиска програма | циклус | ЕКТС | Број студенти | Важност на акредитација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

[2] Издадените решенија сумативно ќе бидат прикажани во наредниот полугодишен извештај за работата на Одборот за акредитација. Издвојување и класифицирање на решенијата согласно Правилникот за образецот на извештајот за работа на ОА од страна на стручните служби на Агенцијата за квалитет во високото образование за периодот на полугодишниот извештај, е одложено поради обемот и сложеноста на процесот (но пред се поаради недоволен број на административен кадар). Линк до Решенијата https://sites.google.com/view/akreditirani-prgrami/%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0?authuser=1

## 11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има разгледано и одобрено барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми и тоа:

- 41 седница на ОА - разгледани се и одобрени 6 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 42 седница на ОА - разгледани се и одобрени 26 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 43 седница на ОА - разгледани се и одобрени 8 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 44 седница на ОА – разгледани се и одобрени 16 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 45 седница на ОА - разгледани се и одобрени 10 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 46 седница на ОА – разгледани се и одобрени 6 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 47 седница на ОА – разгледани е одобрен 1 извештај од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 48 седница на ОА – разгледани се и одобрени 2 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 49 седница на ОА – разгледани се и одобрени 5 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на барањата за акредитација на ментори на докторски студиски програми. За време на извешјаниот период од вкупно – 80 поднесени барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми завршени се 80 број на барања.

### 11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не е одбиено ниту едно барање за акредитација на студиска програма од високо образвовна инситутција, студиска програма.

### 11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не се поднесени извештаи од спроведена надворешна евалуација од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Одборот за евалуација нема извршено надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми и од таа причина нема поднесено предлози до Одборот за акредитација за продолжување на акредитациите на студиски програми. За време на извештајниот период пратено е писмо до **Одборот за евалуација**, по допис и барање од МОН во текот на месец ноември, за вршење на евалуација за **приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ**. Во тековниот период не е добиен повратен одговор од страна на Одборот за евалуација.

### 11.10 Решениа за Одземени акредитации

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не се поднесени предлози од страна на Одборот за евалуација на високото образование за одземање на акредитација, согласно член 48 став 3[3] и став 2 точка 8[4] од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.81/18). Одборот за евалуација нема извршено надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми и од таа причина нема поднесено предлози до Одборот за акредитација за одземање на акредитаци на студиски програми.

[3] *„Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на Предлог на Одборот за евалуација“*

[4] *„врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата“*

## 11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив

Во Одборот за акредитација во изминатиот период, односно за времето на извештајниот период, се води постапки по жалби. Имено Министерството за образование, согласно член 84 став 1 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.Македонија бр.82/18 и Службен весник на Р.С.Македонија бр.178/21 се обрати до Одборот за акредитација при Агенцијата за квалитет во високото образование, согласно надлежностите утврдени со член 84 став 2 од наведениот Закон, да се поднесе предлог иницијатива за поведување постапка за одземањена правото за вршење на високообразовна дејност на приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ. Одборот за акредитација прати писмо до Одборот за евалуација да постапи согласно член 84 став 1 од Законот за високо образование, Министерството надлежно за високо образование, основачот и Одборот за Акредитација можат да покренат постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност на високообразовна установа и согласно член 84 став 2 од Законот, постапката од ставот 1 на овој член се водиод Одборот за акредитаија. Врз основа на член 84 став 3 од Законот, ако Одборот за акредитација, врз ОСНОВА НА ИЗВЕШТАЈ ОД ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА утврди дека високообразовната установа престанала да ги исполнува условите утврдени во членот 61 став 1 алинеја 4 и членот 62 став 1 од овој закон за вршење на високообразовна дејност, со писмено укажување ќе ја задолжи високообразовната установа да ги острани недостатоците, а доколку во временски рок не пократок од 60 дена и не подолг од 120 дена не ги отсрани недостатоците на кои е укажано, Одборот за акредитација во рок од 15 дена донесува решение за одземање на дадената акредитација.

Разгледување на иницијатива и доставување на допис до АКВО за утврдување и добивање на точниот број на решенија за акредитирани студиски програми, кои се издадени од страна на АКВО. Во извештајниот период не е добиен одговор на ова барање, кое е доставено до АКВО во писмена верзија, заверена и архивирана.

## 11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми

1. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**
2. **Универзитет„ Св. Климент Охридски„ – Битола**
3. **Универзитет во Тетово-Тетово**
4. **Универзитет „Гоце Делчев“- Штип**
5. **Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово**
6. **Универзитет„Мајка Тереза„-Скопје**

7. **Европски Универзитет- Република Македонија, Скопје**
8. **Универзитет „Американ Колеџ„ -Скопје**
9. **Американски универзитет на Европа-ФОН**
10. **Меѓународен Балкански Универзитет**
11. **Меѓународен Универзитет „Визион„-Гостивар**
12. **Бизнис Академија Смилевски-БАС-Скопје**
13. **Приватна високообразовна установа-МИТ Универзитет-Скопје**
14. **Училиште за мода Фашион Десигне институте Дооел - Тетово**

## 12. Обуки на членовите на Одборот

Во времето на извештајниот период членовите на Одборот за акредитација присуствуваа на обука во рамките на Твининг проектот при МОН. Од одборот за акредитација беа делегирани 5 преставници и тоа: проф. д-р Лилјана Колева Гудева, проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Садудин Ибраимио. проф. д-р Ќуфли Османи, Светлана Ристовска Антиќ. Обуката се одржа во Скопје во период од 27-29.09.2022 година.

Би требало да се напомене дека Одборот за акредитација не располага со финансиски средства за самостојно да организира обуки и семианри за своите членови.

## 13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација

Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките на акредитација, со оглед дека Одборот е во очекување да универзитетите (кои развиваат студиски програми од облста на уметности) да номинираат стручни лица од областа на уметности (драмска, музичка и ликовна уметност).

## 14. Учества на конференции/состаноци

Член на Одборот за акредитација проф. д-р Љиљана Колева Гудева присуствуваше на објаснувачки состанок за поглавје 26-Образование и култура одржан преку видео-конференциска врска во Брисел во Секретаријат за европски прашања на 18.10.2022 година.

Учество на членови од ОА во Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации“ (Further support to the implementation of the National Qualifications Framework) со референтен број МК IPA

17 SO 01 21 . 15.12.2022 четврток, во терминот 10:00 – 15:00ч. во Клубот на пратениците Подготвување на предлог-патоказ за Националната рамка на квалификации (2022-2023). Работилницата со експертите. Учество од ОА: Проф. д-р Лилјана Колева Гудева.

1.11.2022, вторник во терминот 13:30 – 15:30ч. во просториите на МОН односно сала 807, на 8. кат. Работилница со експертите е наменета за претставниците од Одборот за акредитација и Одборот за евалуација. Учество од ОА: Проф. д-р Лилјана Колева Гудева и Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова

30 и 31 август во Клубот на пратениците Состанок за предлог-упатството за методологијата и постапките за обезбедување квалитет - и за стручно образование и обука и за високо образование. Учество од ОА: Проф. д-р Лилјана Колева Гудева

Преставници од Одборот за акредитација проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова, проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Сунчица Петровска, проф. д-р Никола Николов, проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил одржаа состанок работен со Проректорката за настава на УКИМ проф. д-р Христина Спасевска , на кој се разговараше за новитетите во високото образование и високо-образовните институции.

Проф. д-р Атанас Кочов, како преставник од Одборот за акредитација учествуваше на состанок на Националниот совет на кој се разгледување Правилникот за работа на Одборот за акредитација.

## 15. Посети на делегации

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација немаше посети на делагации.

## 16. Остварена соработка

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација има остварено определен број на средби релевантни за работата на Одборот. Од позначајните средби може да се нотираат следните средби:

- средбата на претседателката на Одборот за акредитација проф. д-р Татјана Стојановска Иванова со министерот на Образование и наука г-дин Јетон Шаќири на која беше дискутирано за прашања поврзани со високотообразование и работата на Одборот за акредитација;
- средба на проф. д-р Атанас Кочов со членови на Националниот совет;
- средба на претседателката на Одборот за акредитација проф. д-р Татјана Стојановска Иванова и проф. д-р Атанас Кочов со министерот

за образование д-р Јетон Шаќири и советникот м-р Шпетим Љатифи, на кој се разговараше за правилникот за работа на одборот и обрасците за студиски програми;
- средби со директорот на АКВО проф. д-р Агим Рушити со цел унапредување на квалитетот на работата на Одборот;
- соработка со претседателот и членови на Националниот совет на високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Средба на преставници на Одборот за акредитација, проф. д-р Татјана Стојановска Иванова и проф. д-р Атанас Кочов со раководителот на секторот за високо образование м-р Ахмед Ќазими, на која се разговараше за тековни прашања поврзани со Одборот за акредитација.

## 17. Издавачка дејност

За потребите на Одборот за Акредитација а со цел организирање на неговата работа како и да се обезбеди помошен материјал за ефикасно подготвување на Елаборати од страна на високообразовните установи Одборот формираше работни групи. Формираните работни групи за секој циклус одделно, пристапија кон изготвување на обрасци а со тоа и работен материјал во форма на упатства кои се разгледаа и усвоија на една од седниците на Одборот. Работните материјали – упатства согласно барањето на оваа точка може да се вбројат во издавачка дејнсот на Одборот со оглед дека обработуваат прашања поврзано со унапредување на квалитетот во високото образование а воедно и ги известуваат високообразовните установи за начинот на пополнување на Елаборатите за акредитација на високообразовните установи, односно студиските програми.

Преку упатствата на подготвувачите на елаборатите им се нуди правна, админситративна рамка со која се скратува времето за подготвување на елаборат и суштински се намалува можноста за грешки при пополнување на истите. Упатствата се подготвени согласно:

1. Закон за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.82/2018);
2. Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 103/10); Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација;
3. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата

на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 151/12);
4. Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.25/11);
5. Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 67/13);
6. Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.76/2020);
7. Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба. (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.134/2020);
8. Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.149/2020).

Работните материјали – упатства се објавени на официјалната веб страница на Агенцијата за квалитет на високото образование и истите се дистрибуирани до високообразовниет установи во државата.

## 18. Состојба со мрежната страница на Одборот

Одборот за акредитација не располага со сопствена мрежна страница туку ја користи мрежната страница на АКВО. На мрежната страница се закачуваат донесените акти, решенијата за акредитација и обрасци.

Стручните служби на АКВО се одговорни за одржување и менаџирање со мрежната страница. Усвоените акти од страна на Одборот за акредитација преку архивата на АКВО се доставени до акво и истите се објавени на веб страницата на АКВО.

## 19. Разгледувани документи и тематски анализи

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација има разгледано определен број на документи, и тоа:

1. Закон за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.82/2018);
2. Разгледување на Националната рамка на занимања (Државен Завод за статистика 2015);
3. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 151/12);
4. Предлог – Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми.

Скопје, јануари 2023 година

Претседател на
Одборот за акредитација на ВО
Проф. д-р Татјана Стојановска Иванова